Славка ФИДАНОВА

# УЛОГАТА НА КПЈ ВО ПОВРЗУВАЊЕТО БОРБАТА НА РАБОТНИЧКАТА КЛАСА СО НАЦИОНАЛНООСЛОБОДИТЕЛНОТО ДВИЖЕЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ НАРОД ОД 1935—1941

Државната заедница на југословенските народи, кралството СХС, уредена на унитаристичка и централистичка основа, со општествено-политички односи поставени врз социјални и национални спротивности, кои како црвена нишка се провлекуваа во неа, постојано се наоѓаше во политичка криза.

Од овие кризи владеачкиот великосрпски режим секогаш наоѓаше излез во нови полициски мерки и прогони против народите на Југославија, пред сè против работничката класа и нејзината авангарда КПЈ. Во 1929 година режимот, наоѓајќи се повторно во криза поради нараснатите национални и социјални спротивности, воведе монархофашистичка диктатура; го укина парламентарниот живот во земјата и ја концентрира сета власт во рацете на кралот и од него наименуваната генералска влада.

Одлуката за лична диктатура на кралот, како и одредбите што беа донесени за забрана на сите политички партии, за административно-преуредување на државата и промена на името на државата во Кралство Југославија, со цел да се избришат историско-политичките и територијално-националните граници, беа нов чекор на великосрпската буржоазија, под лажната парола за интегрално југословенство да воведе уште поголем унитаризам и централизам во земјата, проследен со терор, прогони и убиства на револуционерните и прогресивните сили воопшто.

Воведувањето на диктатурата во Македонија не донесе никакви битни измени. Националното обесправување и угнетување, политиката на денационализација и асимилација, како и политиката на безобѕирна стопанска експлоатација, теророт, разните беззаконија кои и пред тоа владееја во Македонија, продолжија и по диктатурата, со таа разлика што беа потсилени зашто се спроведуваа во услови на воено-фашистички режим и под плаштот на

интегрално југословенство.[1]) На влошената положба во Македонија, поради мерките на диктатурата, се надоврза и економската криза што ја зафати Југославија во 1929—1934 година, која катастрофално се одрази на целото стопанство во Македонија, особено врз производството на индустриските култури, тутунот, афионот и др., на ситните занаетчии и трговци и другите ситни селани.[2]) Само во првиот налет на диктатурата против револуционерното работничко движење и КП во Македонија, во затвор се најдоа голем број партиски активисти, вклучувајќи го и Покраинското раководство, како и месните раководства во поголемиот број градови.[3]) Под удар на диктатурата исто така се најде националнореволуционерната организација ВМРО (обединета), што ја формира Партијата уште во 1924 година со цел да ги собере национално угнетените маси во Македонија во националноослободителното движење, на платформата самостојна и независна Македонија во рамките на една балканска федерација.[4])

Гладот и безработноста што беа предизвикани од создадената положба, рапидното паѓање на дневниците на работниците, продолжувањето на работниот ден, што беше во тесна врска со слободната работна рака, која се јави како конкурентска сила, како и теророт над Комунистичката партија и национално-револуционерната организација ВМРО (обединета), предизвика силно незадоволство сред македонскиот народ. Бидејќи Комунистичката партија и од неа раководената национално-револуционерна организација ВМРО (обединета), претрпеа удар, незадоволството во

[1] Положбата на несрпските народи по заведувањето на диктатурата најдобро е искажана во заклучоците од IV-та Земска Конференција: „Таа (прим. на авторот, диктатурата) значи режим на безмилосно пљачкосување, најгрубо класно и национално угнетување и на најбрутални напади на животните и работните услови, на правата и сите придобивки на борбата на работните маси. . .“ ИАКПЈ, том II, стр. 220. „Угнетувањето на несрпските народи од заведувањето на војнофашистичката диктатура е засилено до отворено пљачкосување и потполна обесправеност Исто, стр. 225.

[2] Кирил Миљовски, Македонското прашање во националната програма на КПЈ (1919—1937), Скопје, 1962, стр. 23—29.

[3] Архив на Институтот на националната историја на Македонија (по натаму: АИНИМ), Период на монархофашистичката диктатура на крал Александар (1929—1934), материјал во ракопис.

[4] Во јули 1929 година беа затворени мнозина членови на ВМРО (об), во градовите: Скопје, Велес, Штип, Прилеп. Подоцна беа осудени според Законот за заштита на државата, кој со воведувањето на диктатурата беше дополнет и проширен. Пред државниот суд за заштита на државата беа изведени: Хаџи Анѓелковиќ Здравко, учител; Ковачевиќ Борис, трговец; Вановиќ Константин, свршен студент по агрономија и трговец; Купенковиќ Димитрије, надничар; Божјаковиќ-Андоновиќ Трајко, зидар; Зографски Тодор, часовничар; Плавиќ Лазар, брашнарски трговец; Боцевиќ Тодор, фризер и фотограф; Зографски Димче, трговец; Гранковиќ Василије, слаткар; Брашнаревиќ Панко; Шоптрајановиќ Јанко, јужар; Шоптрајановиќ Тодор, професор; Јовановиќ Дончо, житарски трговец; Џипуновиќ Јован, циглар; Џипуновиќ Ристо, трговец; Дебеломесовиќ Јордан, работник; Чамиловиќ Методија; Анѓелковиќ Никола, кондураџија. (Имињата и презимињата на осудените лица ги наведуваме така како што стои во судските материјали, зашто во времето на стара Југославија секое презиме мораше да завршува на иќ). АИНИМ арх. бр. 3243.

прво време не можеше да прерасне во отпор против монархофашистичкиот режим. Буржоазијата, макар што претендираше на некакво раководство во националноослободителното движење, се покажа опортунистичка и колеблива. Дел од неа му пружи директна поддршка на режимот, дел се повлече и се држеше пасивно, за да настапи во поповолен момент за неа, а дел отиде во прегратките на соседна Бугарија, за да дејствува како нејзин агент преку петиционерството пред Друштвото на народите во Женева и во корист на нејзината кауза.[5])

Со обновувањето на работата на Партијата во Македонија во почетокот на 1933 година, под нејзино раководство, беа изведени првите акции што имаа карактер на отпор против монархофашистичкиот режим во земјата, што секако претставуваше успех на Партијата. Тоа беа штрајкот на дрводелците, штрајкот на кожарските работници, демонстрациите на безработните во Битола, акцијата за бојкот на општинските избори и др.[6]) Но и покрај овој успех, во овој период не доаѓа до поврзување на борбата на работничката класа со национално угнетените маси од градот и селото, макар што беа видливи сите знаци на незадоволството на национално угнетените маси од монархофашистичкиот режим во земјата. Причините за тоа беа колку во остатоците на социјалдемократските разбирања во Партијата по прашањето за поврзување на работничката класа со национално угнетените маси и селанството, како сојузници на пролетаријатот,[7]) толку и поради лошата поставеност на национално-револуционерната организација ВМРО (об), која, поради својата закожуреност и илегално дејствување, и дотогаш не успеа да се поврзе со национално угнетените маси, а по 1929 година, кога во затвор паднаа најголемиот број од членовите

---

[5] Делот од македонската буржоазија, што и пружи поддршка на диктатурата и заедно со неа учествуваше во безобзирното пљачкосување на македонскиот народ и неговата асимилација, го сочинуваа Македонци — србомани, како што беше Јован Алтипармак, но и ренегати на десното крило на ВРМО, како што беше: Крсте Стрезов, Методије Ципушев и др. За тоа види во наведениот материјал во ракопис, во АИНИМ. — Делот на македонската буржоазија, што се пасивизира по диктатурата, го сочинуваа сите оние политичари од редовите на македонската буржоазија кои заедно со српските граѓански партии во опозиција, капитулираа пред диктатурата. Во овој дел од буржоазијата влегуваа и оние од групата на ММТРО (Младешка македонска тајна револуционерна организација), приврзаници на михајловистичка ВМРО, за која дејност им беше судено 1927 година, но мнозинството беа набргу ослободени од издржувањето на казните. Исто; Третата пак група ја сочинуваа претставници на македонската буржоазија, исто приврзаници на михајловистичката ВМРО, кои по диктатурата ја напуштија Македонија и заминаа во Бугарија каде што бугарската влада ги искористи како петиционери во Друштвото на народите во интерес на нејзината кауза (Глигор Анастасов, Димитар Шалев, Тома Петров и др.). Поопширно за тоа види во докторската дисертација од Војо Кушевски, Поставување на македонското прашање во Друштвото на народите, Филозофски факултет во Скопје, 1965 год.

[6] Од извештајот на инструкторот на ЦК КПЈ во Македонија, Никола Оровчанец, се наоѓа во препис во АИНИМ.; Види во в. Искра (Орган на Обласни комитет на КПЈ за Македонија), бр. 2, 2 XII-1933, АИНИМ, арх. бр. 3255.

[7] ИА КПЈ, том II, Поуки од 1929—1931, II Грешки во борбата против војо-н фашистичката диктатура, стр. 235.

на организацијата заедно со своето раководство, скоро и не се чувствуваше.[8])

Она што не беше постигнато во периодот до 1934 година, се постигна во времето од 1935—1941 година.

Како пресвртница во ориентацијата на Партијата во поврзувањето на работничката класа со селанството и национално угнетените маси, за создавање на национално-револуционерно движење претставуваше IV-та Земска партиска конференција на КПЈ која се одржа во декември 1934 година. На неа како неопходен услов за победата во првата етапа од револуцијата заради остварување задачите на буржоаско-демократската револуција (уништувањето на монархијата, укинувањето на сите остатоци од феудализмот, правото на секој народ на самоопределување и др.), се поставуваше поврзувањето на работничката класа со селанството и угнетените народи, т.е. создавање револуционерен сојуз помеѓу работниците, селанството и угнетените народи, во кој Партијата да ја обезбеди својата раководна улога и изолација на буржоазијата и нејзините партии од основните маси на селанството (сиромашното и средното селанство) воопшто и буржоазијата на угнетените народи и нејзините национални-спораззумашки и национал-фашистички партии и групи од национално угнетените маси, посебно. За успешно спроведување на оваа задача, Партијата, според заклучоците на Конференцијата, требаше да го помага формирањето на национално-револуционерните организации и групи, во конкретниот случај во Македонија да го помогне национално-револуционерното движење ВМРО (об).[9])

Половина година подоцна, на одржаниот Пленум на КПЈ во Сплит, во јуни 1935 година, ова прашање за поврзување на работничката класа со селанството и национално угнетените маси од градот и селото беше уште подецидно поставено, со одлуката за создавање на противуфашистички Народен фронт за борба против

---

[8] Извештај на Никола Оровчанец, препис во АИНИМ. Во поднесениот извештај до ЦК КПЈ, Никола Оровчанец, положбата во ВМРО (об) ја опиша на следниов начин: „ОК преку поединци се обиде на неколку пати да дојде во врска со ВМРО (об) во С(копје), В(елес), К(уманово), но насекаде без резултати. Ниту пак некој за сето време се обрна кон нас по фрлените пароли во прогласите за слобода и независност на Македонија. Лично имав разговор со еден младинец кој до 1930—1931 бил раководител на младинската организација ВМРО (об), но од разговорот дознав дека организацијата не постои, бидејќи врските биле прекинати, а самите по некое време „доброволно" се растуриле. . . Исто имав долг разговор со познат комунист, кој имал врска со Влахов, но и од него добив одговор дека нему никој не му се обрнува, ниту пак знае дали таа постои или не. . .". Врз основа на тоа тој во извештајот заклучи дека иако постојат групи на ВМРО (об), нивната конспиративност може само да им пречи да се приближат кон широките народни маси во Македонија, но истовремено тој изрази сомнение за нивното постоење; За истото види во записникот од Пленумот на ЦК КПЈ од 9—10 јуни 1935 год., дискусија на Мире Анастасов—Ристо, секретар на Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија, фонд Коминтерна (натаму КИ), 7844, микрофилм во АИНИМ; К. Миљовски, н. д., стр. 115—119.

[9] Материјали од IV-та Земска конференција на КПЈ: „За задачите за работа среде селаните и национално угнетените маси". ИА КПЈ, том II, стр. 247—248, 250.

војнофашистичката диктатура во земјата.[10]) Оваа одлука за создавање на противфашистички Народен фронт, во кој, околу пролетерското јадро собрано во единствен фронт, требаше да се обединат најшироките народни маси, врз основа на сојуз на работниците, селанството и национално угнетените, што ќе биде под раководство на КП, беше во тесна врска со Резолуцијата на Коминтерната за создавање на Народен фронт, испратена до нејзините секции уште пред одржувањето на VII-от Конгрес. Поставувајќи го прашањето за создавање на Народен фронт во Југославија, Сплитскиот пленум, напоредно со задачата за неговото создавање, ги истакна и основните струи што се вклучуваа во Фронтот на народната слобода. Со оглед на тоа што национално-ослободителното движење претставуваше една од струите што се вклучуваа во Фронтот на народна слобода, Сплитскиот пленум донесе решение за формирање леви крила во национално-револуционерните организации, како и за обезбедување на раководната улога на работничката класа на чело со Партијата во нив, бидејќи „Борбата за национална слобода не е комунизам", „Национал-револуционерите не се комунисти, туку сојузници", а „на работничката класа и нејзината авангарда не ѝ се туѓи националните чувства".[11]) Со оглед на тоа што на Пленумот беше истакнато дека во Македонија, поради специфичните услови нема можности за формирање ниту на легални, ниту на илегални национално-револуционерни организации, зашто според зборовите на Благоја Паровиќ во дискусијата на Пленумот, за комунистичка дејност режимот казнуваше со 10 години робија, а за ВМРО (об) леташе и глава, Партијата во Македонија во поврзувањето на работничката класа со национално угнетените маси и селанството требаше да се ориентира на легални друштва: Здружението на производителите на тутун, афион, културно-уметничките друштва, културно-просветните друштва, спортските друштва, народните читалишта, друштвото на есперантистите, задругите — селска самопомош, ЗОЈ, женска набавно-продајна задруга и др.[12]) Подоцна, на VI-тиот Пленум, овој став се протегна и на другите партиски организации во земјата.

Одлуката за создавање на Народен фронт, во кој соединети најшироките народни слоеви — работниците, национално угнетените маси и селанството, под раководство на Партијата — ќе се борат за уривање на монархофашистичкиот режим во земјата, за попречување товарот на кризата да се префрли врз грбот на народот, за рамноправност меѓу народите на Југославија, за подобрување економската положба на широките народни слоеви, и за

---

[10] Исто, Пленум на ЦК КПЈ, јуни 1935, стр. 351—352 и Резолуција од Пленумот на ЦК КПЈ, стр. 353—361.

[11] Скица на рефератот на Благоја Паровиќ: „За фронтот на народна слобода", КИ, 7844, микрофилм во АИНИМ; ИА КПЈ, Резолуција од Пленумот на ЦК КПЈ, том II, стр. 353—361.

[12] Исто: Изјава на Мире Анастасов од 20 февруари 1959 година во Скопје, се наоѓа во АИНИМ.

народна и демократска влада, отвараше нови можности за поврзување на работничката класа со национално-ослободителното движење во неговите рамки.[13]) Примената на новата тактика во решавањето на националното прашање во Југославија, т.е. правото на самоопределување да се оствари во рамките на Југославија, што произлегуваше од новонастанатата ситуација поради постојната опасност од фашистичките држави националноослободителното движење во Македонија да го искористат за разбивање на Југославија, а во интерес на своите империјалистички планови, пред македонскиот народ отвараше поблиска и пореална перспектива за решавање на неговото национално прашање.[14]) Таа нова тактика на КПЈ ќе одигра крупна улога во мобилизацијата на национално угнетените маси од градот и селото во Македонија во Народниот фронт, за уривање на монархо-фашистичкиот режим, за создавање една влада на народната слобода и рамноправност на народите на Југославија. Според тоа, процесот на поврзувањето на работничката класа со национално угнетените маси и селанството, со национално-ослободителното движење во Македонија, ќе биде процес истовремен со создавањето на Народниот фронт и ќе се остварува во рамките на Народниот фронт.

Партијата во Македонија, којашто од почетокот на 1935 година ги консолидира своите редови, бидејќи по обновувањето претрпе удари,[15]) пристапи кон реализирање на директивата за создавање на Народниот фронт. Како база за поврзување на работничката класа со национално угнетените маси и селанството во рамките на Народниот фронт послужија постојните легални и новоформираните друштва и организации во Македонија. Тоа беше процес на создавање Народен фронт оздола, но Партијата истовремено на неговото создавање работеше и одгоре, преку преговори со граѓанските политичари од Здружената опозиција и со разните македонски политички групи. За таа цел есента 1935 година во Скопје беше формиран полулегален одбор на Народниот фронт, кој веднаш стапи во преговори и врз основа на тоа беше изработена демократска платформа со која се бараше да се формира македонски народен фронт, како демократска организација на сите сили од Македонија што ќе се борат за демократска Југославија, во која сите народи, вклучувајќи го и македонскиот, ќе

[13] Како прим. 10; ИАКПЈ, том II, стр. 363—379, Одлука на Политбирото на ЦК КПЈ за задачите на КПЈ по VII Конгрес на Комунистичката интернационала.

[14] ИАКПЈ, том II, стр. 369—370, 390, 399; Исто, стр. 399—400, Резолуција на ЦК КПЈ за тактиката и работата на Партијата.

[15] Партиската организација во Македонија по диктатурата за прв пат беше обновена летото 1933 година, кога е и формиран ПК на КПЈ за Македонија. Дотогаш во одделни градови во Македонија постоеја неповрзани групи и активисти кои дејствуваа самоиницијативно. Во декември 1933 година настана провала и организацијата зретрпе удар, така што во затвор падна и Покраинскиот комитет. — Податоците се пемени од наведениот извештај на Никола Оровчанец, се наоѓа во препис во АИНИМ

бидат рамноправни.[16]) Но до нејзиното реализирање не дојде, бидејќи при крајот на 1935 и почетокот 1936 година во Македонија настапи провала, во која в затвор падна и одборот на Народниот фронт.[17])

Тоа беа првите почетоци за создавање на Народен фронт во Македонија. Неговото создавање дојде многу повеќе до израз по 1936 година со формирањето на националното македонско народно движење, кое со време ќе го добие називот МАНАПО. Тоа движење по својата суштина, како широко антифашистичко демократско движење, ги имаше сите белези на Народниот фронт, но по својата регионалност, национална територија, тоа имаше карактер на национално револуционерно движење.

Појавата на МАНАПО е сврзана за една Политичка декларација, издадена во пролетта 1936 година од страна на македонските студенти од Белградскиот и Загрепскиот универзитет, во која беа изложени идејните цели и задачи на движењето, што подоцна послужи како база за изработка на идејно-политичката платформа на МАНАПО.[18]) Декларацијата беше прифатена од најголемиот број студенти, како и од работниците и службениците — Македонци од двата града. Подоцна во август 1936 година, на еден поширок состанок во Охрид, во присуство на поголем број антифашисти и комунисти таа беше дооформена и дефинитивно усвоена.[19]) Пренесена во Македонија, таа беше прифатена од најголемиот број партиски активисти — комунисти и стана составен дел на нивната партиско-политичка програма за создавање на националноослободителното движење во Македонија.

Демократскиот карактер на платформата на МАНАПО послужи како база за преговори со демократските и антифашистичките сили заради обединување на силите за заедничка акција против монархофашистичкиот режим, за демократија и национална рамноправност, за слобода на печатот, собирот и договорот и др.

---

[16] Наведениот материјал во ракопис, во АИНИМ; Изјава на Мире Анастасов, дадена на авторот во мај 1969 година во Скопје.

[17] Исто.

[18] К. Миљовски, н. д., стр. 142.

[19] Исто, стр. 148, 149, 150. Според авторот платформата на МАНАПО ги содржеше следните ставови:

а) Македонскиот народ има право на слободен национален живот во рамките на една Југословенска федерација;

б) ова барање станува остварливо само со борбата за ликвидација на монархофашистичката диктатура и хегемонија, и со воспоставувањето на широка демократија;

в) поради тоа македонскиот народ ќе се бори заедно со другите народи и напредните сили во Југославија за ослободувањето на политичките затвореници, за слободата на собири, договорот и печатот, за укинување на сите антидемократски закони;

г) македонскиот народ бара да се воспостават дипломатски односи и да се склучи договор за пријателство со СССР;

д) се бара неодложно распишување на слободни парламентарни избори со тајно гласање"; Асен Тодоров, стенографски белешки за активноста на партиската организација во Скопје (1933—1941), се наоѓаат во АИНИМ; Димче Левков, изјава дадена на авторот во април 1969 година во Скопје.

Во текот на 1936 година, 1937 и 1938 година беа водени преговори со српските граѓански политичари од Здружената опозиција, како и со политичарите од ХСС, за создавање на Народен фронт, но едните, како претставници на великосрпската буржоазија, а другите, поради своето спогодување со великосрпската буржоазија, не сакаа да ја прифатат платформата на МАНАПО.[20]) Заинтересирани за гласачите во Македонија во времето на изборите, тие сепак се согласуваа на акциона спогодба со претставниците на МАНАПО. Со тоа тие истовремено молчаливо го признаваа и постоењето на националната посебност на македонскиот народ, па дури и со нивна помош по повод изборите беа издадени прогласи на македонски јазик со потпис на МАНАПО.[21]) Платформата на

---

[20] К. Миљовски, н. д., стр. 143—144; Љ. Ц., необјавени спомени, Асен Тодоров и Стевче Арсов, стенографски белешки за активноста на партиската организација во Скопје (1933—1941), АИНИМ.

[21] Во прво време такви контакти беа воспоставени со групата на Драгољуб Јовановиќ, Нинко Петровиќ и др. Според спомените на Димче Левков, Драгољуб Јовановиќ во разговорите со македонските студенти во Белград отворено изјавувал дека Македонците не се ни Срби ни Бугари и ја признал посебноста на македонскиот народ, така што тие кај него наоѓале поддршка во печатењето на разни пгогласи со потпис на МАНАПО. Од наведената изјава на Димче Левков. Меѓутоа колку овие изјави на Драгољуб Јовановиќ беа искрени и од што беа тие мотивирани, тоа е одделно прашање.

Таквите акциони спогодби со граѓанските политичари од Здружената опозиција беа правени и пред парламентарните избори 1938 година. Комунистичката партија во Македонија, не можејќи да ја спроведе директивата на ЦК КПЈ за создавање Странка на работниот народ којашто требаше самостојно да истапи на изборите со свои кандидати, поради тоа што режимот одби да ја одобри нејзината работа, се ориентира своите кандидати да ги истакне на листата на Здружената опозиција. Напоредно со оваа акција на комунистите во некои градови каде што партиската организација беше појака (Велес, Прилеп, Куманово), комунистите од МАНАПО водеа акција за самостојно истапување на МАНАПО на листата на Здружената опозиција. За таа цел на неколку пати беа водени разговори со српските опозициони партии, но бидејќи тие со тоа не се согласија, претставниците на МАНАПО му се обрнаа на Владимир Мачек, како на носител на Земската листа на Здружената опозиција. Меѓутоа, и Мачек кој имаше спогодба со српските граѓански политичари во опозиција за поделба на нивните сфери на влијание, не го прифати предлогот на делегацијата под изговор дека не сака да им се замери на своите партнери. К. Миљовски, н. д. стр. 146, Во врска со оваа акција на МАНАПО, по се изгледа, е и предадениот меморандум на Влатко Мачек во Белград, на 9 септември 1938 година, од страна на една делегација од Македонија, во чиј состав беа: Рампо Левков, Методи Андонов—Ченто, Сотир Аќимовиќ, четворица Македонци — студенти од Белградскиот Универзитет и неколкумина од групата буржоаски националисти од Македонија. Архив на Југославија, фонд Милан Стојадиновиќ, фас. 35 (натаму: АЈ, МС, ф-35), Меморандум предаден на Др. Мачек од страна на една делегација од Јужна Србија (Македонија — прим. на авторот). Од извештајот што го поднесе Банската управа во Скопје во врска со Меморандумот и посетата на делегацијата кај Др. Мачек, се гледа дека тој не го прифатил предлогот на македонската делегација политичката група од Македонија да се врзе за неговата листа под изговор дека тој е премногу оптеретен со народни грижи, па не ќе може да го издржи и теретот што му го става и македонскиот народ. Но, затоа од извештајот може да се види дека лидерот на Самосталната демократска странка, Др. Сава Косановиќ бил многу појасен со својот став во однос на барањата на македонската делегација, кој пресретнувајќи ја делегацијата по нејзиното излегување од канцеларијата на Мачек, налутено им рекол: „Зошто македонската организација не приоѓа кон една од групите на Здружената опозиција, туку истапува на овој начин самостојно, измислувајќи некој

МАНАПО исто така даваше можност да пристапи и групата националисти, пробугарски настроени, од бившата ММТРО. Тие беа против шестојануарската диктатура и одржуваа контакти со Здружената опозиција.[22]) На збор тие беа за автономија на Македонија во рамките на Југославија, но тоа за нив не беше цел, туку само тактика. Во прво време се изјаснуваа дека е тоа тактика за да се компромитира великосрпската буржоазија, која не беше спремна тоа да го стори,[23]) за потоа во условите на окупација на Македонија отворено да признаат дека тоа било тактика за сочувување на бугарштината во Македонија, во крајна линија тактика за создавање михајловистичка „независна Македонија", а оваа пак како етапа за присоединување кон Бугарија.[24]) Македонските националисти, колку и да ја прифаќаа автономијата како тактика за присоединување кон Бугарија, факт е дека тие — со паролата автономија — сакаа и да ѝ парираат на Партијата, која по Сплитскиот

---

„македонски народ" кој всушност не постои...". Исто, Од извештајот на Банската управа во Скопје од 9 септември 1938 година.
Бидејќи МАНАПО не можеше да истапи со самостојна листа, одлучи да се сврзе со најнекомпромитираната српска опозициона странка во Македонија, а тоа беше левото крило на Земјоделската партија, така што кандидатите на МАНАПО беа кандидати на Земјоделската партија во Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Ресен, Кратово, Кавадарци, Куманово и др. Според сеќавањата на современиците—Перо Ивановски и Дејан Алексиќ, лидерите на Земјоделската партија, како Јоца Јовановиќ и др. на собирите и потесните конференции се изјаснуваа за посебноста на македонскиот народ. Изјава на Перо Ивановски, во архивот на ЦК КПЈ и изјава на Дејан Алексиќ во АИНИМ — Впрочем, и банот на Вардарска бановина Марко Новаковиќ, во својот извештај до претседателот на владата, Милан Стојадиновиќ, го обвини Јоца Јовановиќ во таа смисла: „Се сретнав со Јовановиќ—Пижон. Тој ми се обрати со зборови, зошто го тероризирате народот во Македонија и го терате да се нарекнуваат Срби...". АЈ, МС, фотокопија во АИНИМ, Извештај на банот на Вардарска бановина од 28 јануари 1939 година. Но, по се изгледа, дека Јоца Јовановиќ и другите беа сепак приморани „да ретерираат по однос на Македонија" како што вели Дејан Алексиќ во наведените сеќавања, и тоа „поради забелешките што им беа ставени од дворот и великосрпската клика, како да отишле премногу далеку во своето становиште спрема Македонија", така што Јоца Јовановиќ во времето на својата турнеја по Македонија 1939 година одбил да се состане со група студенти и работници во Скопје. За тоа види во наведената изјава на Дејан Алексиќ. Меѓутоа, сигурно е дека Јоца Јовановиќ и другите од Земјоделската партија, како преставници на великосрпската буржоазија и сами носители на великосрпските тенденции, не ги исполнија ветувањата во однос на Македонија, што ги дадоа пред парламентарните избори 1938 година.

[22] За оваа група националисти од Македонија на чело со Димитер Ѓузелов и Димитар Чкатров карактеристично е дека тие немале јасна програма, или до колку имале таква, отворено не ја изнесувале. Пристапувајќи кон МАНАПО, тие ја усвојувале платформата на МАНАПО, освен што не се согласувале со посебноста на македонскиот народ, негирајќи ја македонската нација. По дискусиите и убедувањата, тие ја прифаќале платформата на МАНАПО, но тоа било само формално, зашто секогаш биле готови од неа да отстапат. К. Миљовски, н. д., стр. 147—148; За ова нешто види и во искажувањата на Стевче Арсов, стенографски белешки за активноста на партиската организација во Скопје (1933—1941), во АИНИМ.

[23] Архив на Војно-историски институт (натаму: АВИИ), к. 26 а, II/3, микрофил во Архив на Македонија (натаму, АМ); Изјава на Мире Анаставов дадена на авторот 1969 година.

[24] АМ, фонд бугарска окупација (натаму: БО), к. 21, од сослушувањето на Димитар Чкатров пред Окружниот суд во Скопје.

пленум заседе став за решавање на македонското национално прашање во рамките на Југославија, кој стана привлечен за масите во Македонија, што го потврди и појавата на МАНАПО, кој постојано беше во подем. Соочени со силата на македонското народно движење, кое беше под влијание на Партијата и работничката класа, групата македонски националисти, за да не остане надвор од тоа движење, му пристапи нему, но со цел во погоден момент да го сврти на друг колосек, во интерес на големобугарската буржоазија. Во прилог на ова зборува дел од едно нивно писмо од средината на 1940 година, во кое се вели: „Во Македонија има и левичарска агитација, која е доста засилена и собира во своите редови помлади елементи. Гнездото во Македонија е во Велес, Куманово и Прилеп. Не се гониме со левичарите, туку се дополнуваме. Левичарите се големи противници на Србите и пледираат за самостојна Македонија, за која сме и ние. Така, како што ја водат левичарите борбата, нам не ни пречат во нашата агитација, туку сè повеќе ја засилуваат неа“. . .[25])

Инаку оваа заедничка акција на МАНАПО со учеството на оваа група националисти особено дојде до израз во времето на изборите за Народната скупштина во 1938 година, и тоа во преговорите со Здружената опозиција и со ХСС, како и во определувањето на кандидатите пратеници за самостојната листа врзана за Здружената опозиција во Македонија.[26])

Облиците преку кои дејствуваше и се манифестираше активноста на МАНАПО беа различни — легални и полулегални — зависно од степенот на борбената свест на широките народни маси.

Пионерска улога и најжилава борба во популаризирањето на платформата на МАНАПО одиграа студентските друштва „ВАРДАР“ од Загреб и Белград, кои беа формирани како културно-просветни студентски друштва, како и студентските друштва во градовите: Скопје, Велес, Прилеп, Битола, Куманово и др.[27]) Тие организираа јавни предавања за економската и политичката положба во Македонија, организираа по градовите културно-уметнички приредби со политичка содржина и др.[28]) Културно-просветното студентско друштво „ВАРДАР“ објави еден Апел со кој се обрна до македонскиот народ.[29]) Апелот беше конципиран под форма за давање на материјална помош, но тој всушност ги содр-

[25] Како прим. 23.

[26] АМ, БО, к. 21, од сослушувањето на Димитар Ѓузелов пред Окружниот суд во Скопје; АЈ, МС, ф-35, Извештај на Банската управа во Скопје од 9 септември 1938 година; К. Миљовски, н. д., стр. 147—148; Војо Рајчевиќ, студентски покрет на Загребачком свеучилишту 1918—1941, Загреб, 1959, стр. 209—210.

[27] Димче Левков, Активност „Вардара“ — друштво македонских студената, Четрдесет година, Београд, 1960, књ. 4, стр. 68—70; Д. А., Изјава во ракопис, во АИНИМ; К. Миљовски, н. д., стр. 151, 147; Војо Рајчевиќ, н. д., стр. 207—209.

[28] Како прим. 27; Ванчо Шкатров, Активност „Вардара“ — Друштва македонских студената, Четрдесет година, II део, Београд, 1960, књ. 4, стр. 70—71.

[29] Наш весник, бр. I, 30-III-1937, АИНИМ, 7488; Димче Левков, наведена статија; За истото види во еден извештај во АЈ, МС, фотокопија во АИНИМ.

жеше идеите на МАНАПО. Објавениот Апел наиде на силен одглас кај народот во Македонија, така што режимот беше принуден да го сопре неговото растурање.[30]) Политичката акција на студентските друштва „ВАРДАР“ силно влијаеше за мобилизација на националните сили во Македонија. Поради тоа режимот настојуваше по секоја цена да ја сопре неговата натамошна активност.

По големиот политички успех што го пожнеа пеачкиот хор при друштвото „ВАРДАР“ во Загреб на својата турнеја по градовите во Македонија: Куманово, Скопје, Велес, Кочани, Штип, Радовиш и Струмица, летото — јули 1936 година, режимот, плашејќи се од последиците за него заради силното раздвижување на масите во Македонија, побрза да ја забрани турнејата.[31]) Со намера да се сопре зачленувањето на македонските студенти во друштвото „ВАРДАР“ на Белградскиот универзитет, над македонските студенти беа вршени разни притисоци. Во таа смисла друштвото „Св. Сава“ во Белград вршеше притисок на своите стипендисти — македонски студенти да не членуваат во друштвото „ВАРДАР“, што може да се заклучи од поднесените изјави на двајца македонски студенти — стипендисти кои беа принудени да изјават дека не се или нема повеќе да членуваат во друштвото, зашто постоеше опасност да ја загубат стипендијата.[32]) Во март 1937 година беше забрането натамошното излегување на „НАШ ВЕСНИК“ и тоа веднаш по неговиот прв број, а набрзо по тоа забранета беше работата и на двете друштва „ВАРДАР“ на Загрепскиот и Белградскиот универзитет.[33]) На Филозофскиот факултет во Скопје дури и не се дозволи да се формира, макар што беа поднесени правилата на друштвото за одобрување.[34])

Со забраната на студентските друштва „ВАРДАР“ не престана активноста на студентите во популаризирањето на идеите на МАНАПО, кое особено дојде до израз во времето на парламентарните избори 1938 година. Таа нивна неуморна работа во таа насока не остана незабележана од страна на органите на власта кои будно ја следеа секаквата нивна манифестација. Тоа најарно се гледа од еден извештај од декември 1938 година во кој се вели: „По обидот од јужносрбијанските (македонски — н.з.) студенти на Белградскиот универзитет да развијат акција слична на таа каква што води загрепското студентско друштво „ВАРДАР“, тие својот разговор и третирањето на македонските „проблеми“ економски, културни и политички ги пренесоа во своите станови . . .“.[35]) Слич-

---

[30] Исто.

[31] Ванчо Шкатров, наведена статија.

[32] Архив на Србија, фонд Друштво св. Сава, (натаму: АС, ДСС), 5633, И. Р., студент по медицина, 30-III-1937.

[33] Д. Левков, наведена статија.

[34] АМ, фонд Филозофски факултет (натаму: ФФ), 2431, 2430, 2436, 2437, 2432, 2433.

[35] АЈ, МС, ф-34.

на констатација наоѓаме и во еден друг извештај од декември 1938 година: „Студентите од Југ, што ги има околу 250 на Белградскиот и Загрепскиот универзитет работат заеднички на македонските проблеми и создавање на автономна Македонија . . .“.[36])

Во текот на следните години МАНАПО имаше повеќе акции и јавни истапи. Најголемиот број од нив се реализираа во времето на општинските и парламентарните избори. Од посебно значење беа акциите за растурање на предизборните собири на режимските партии, како на ЈНС (собирите на Богољуб Јефтиќ и Василије Трбиќ),[37]) на ЈРЗ (Тошо Живковиќ во Скопје),[38]) на Социјалдемократската партија (Живко Топаловиќ во Скопје),[39]) додека собирите на Здружената опозиција се претвораа во собири на МАНАПО (Скопје, Велес, Прилеп, Битола), на кои говорниците истапуваа од името на македонскиот народ.[40]) Успехот што се постигна на собирите беше потврда дека масите во Македонија ги прифаќаа паролите на МАНАПО, но истовремено и одраз за силата на МАНАПО, нешто спротивно од она што шефовите на Здружената опозиција го постигнаа со одделните претставници на македонската буржоазија во страначките канцеларии.[41]) МАНАПО првпат јавно наста-

---

[36] АВИИ, нерегистриран материјал, Извештај на Главниот генералштаб од декември 1938 година.

[37] Наведениот материјал во ракопис, во АИНИМ; Изјава на Димче Левков дадена на авторот во април 1969 година во Скопје.

[38] С. Фиданова, По повод на една народно-фронтовска акција во Велес во 1940 година, Историја, Скопје, 1967, год. III, бр. I.

[39] Изјава на Илија Јакимовски, стенографски белешки за активноста на скопската партиска организација, кн. I, стр. 28.

[40] Меѓу успешните собири со народно-фронтовски карактер биле оние од 1936 година спроти општинските избори, кога една група со Драгољуб Јовановиќ, Нинко Петровиќ, Милан Прибиќевиќ и др. ја обиколиле скоро цела Македонија и во некои градови одржале собири, а некаде само потесни конференции. Од дадената изјава на Димче Левков на авторот. — За ова наоѓаме податоци и во извештајот од Банската управа во Скопје од 26 јуни 1936 година,-во кој се вели дека тие одржале конференции во Куманово, Скопје, но такви не одржале и во другите места. Понатаму во извештајот се вели дека „лицата што се состанувале со Драгољуб Јовановиќ — по убедување биле или крајни левичари — федералисти повеќе настроени кон комунистичката идеја или бивши пратенички кандидати на листата на Др. Мачек, инаку приврзаниците кои се не наклонети кон крајната левица, не им приоѓале“. Во извештајот исто така се вели дека „Јовановиќ има најмногу приврзаници во Прилеп и Битола, повеќето студенти и бивши ученици, по другите места неугледни работници и ситни занаетчии. . .“. Известувачот, известувајќи за социјалните категории што присуствувале на собирите, во секој случај сакаше да ги потцени собирите како такви, но токму тој документ ја потврдува масовната база на Народниот фронт и МАНАПО во Македонија,што ја сочинувале работници, ситни занаетчии, интелигенцијата и др. Тој исто така ја потврди и раководната улога на комунистите во движењето кои биле федералистички настроени. АЈ, МС, фотокопија во АИНИМ;

Собирите на Здружената опозиција, кои биле одржувани во 1938 и 1939 година, добивале се повеќе таков карактер. АЈ, МС, ф-24; АВИИ, к. 7, 7/3, микрофилм во АМ—343, Месечен извештај од Штабот на третата армиска област, од 4 јули 1939; Поопширно за истото види во наведените изјави од Д. А., и од Перо Ивановски; Изјава од Коце Ванов дадена на авторот во август 1970 година.

[41] Др. Васо Чубриловиќ, проф. на Универзитетот во Белград, пред војната еден од лидерите на Земјоделската партија, кој доаѓал многу пати во Македонија и учеству-

пи за време на општинските избори во 1936 година, кога се појави со Независна листа во неколку градови во Македонија и доби мнозинство гласови во Прилеп и Царев Двор — Ресенско.[42]) МАНАПО успеа да истапи и на скупштинските избори во 1938 година, истакнувајќи ги своите кандидати на листата на левото крило на Земјоделската партија во Здружената опозиција.[43]) Иако кандидатите на МАНАПО не добија насекаде на изборите, поради познатиот изборен систем во Југославија, истапувањето на изборите придонесе за поширока мобилизација на антифашистичките сили во Македонија околу платформата на МАНАПО во Народниот фронт.

Акцијата што се водеше на Филозофскиот факултет во Скопје за освојување на позициите на напредните студенти во студентското културно-уметничко друштво „Обилиќ", во потпорното здружение на студентите, во управата на студентскиот дом и студентската менза, и во другите студентски стручни здруженија, беше поставена исто така на национална основа, бидејќи беше насочена против таканаречената монархистичка национална младина, во чии раце се наоѓаа тие и работеа за великосрпската кауза во Македонија.[44]) Резултатите од овие акции беа големи. Тие придонесоа за силно раздвижување на македонските студенти на Скопскиот факултет, а поддржани од студентите од другите народи што студираа на Скопскиот факултет, сè поотворено истапуваа против великосрпската хегемонија во Македонија. Во таа смисла особено беше значајна акцијата што ја водеа студентите уште во 1935 година за отворање на сите групи на Филозофскиот факултет во Скопје, како и за отворање на Институтот што ќе го проучува минатото на македонскиот народ. Оваа акција беше повторена и

---

вал во преговори со претставителите на македонската буржоазија, како и на собирите, изјави дека преговорите со претставителите на македонската буржоазија (н.з. — се мисли за нивните барања за нивно учество во власта) биле сосема друго од она што се случувало на собирите, на кои младината истапувала со пароли „Да живеат македонските словени" и говорела од името на македонскиот народ и македонските словени. — Изјава на Васо Чубриловиќ, дадена на авторот, во мај 1969 година во Скопје.

[42] К. Миљовски, н. д., стр. 145, 146.

[43] Како прим. 23.

[44] Како пример го наведуваме случајот со Академското пеачко друштво „Обилиќ" во кое (великосрпските — н. з.) националисти, беа потиснати од управата во текот на 1939 година, што се гледа и од едно писмо на претседателот на пододборот на друштвото „Свети Сава" во Скопје, Алекса Јовановиќ, упатено до Главниот одбор на друштвото Св. Саво" во Белград, од 9 јуни 1940 година, во кое се вели" Пеачите студенти (великосрпски — н. з.) националисти на Филозофскиот факултет во Скопје останаа во малцинство па отпаднаа од нивното пеачко друштво Обилиќ, коешто сега плива во модерните струења. Тоа беше повод за создавање на ова друштво (нз. се однесува на академското пеачко друштво кое било формирано во крајот на 1939 година). Составено од пеачи студенти на Скопскиот Филозофски факултет и свршени студенти од другите факултети, сите сами (великосрпски-н.з.) националисти. Академското пеачко друштво, што го формираа ќе оди по старите традиции коишто довеле до ослободување и обединување на нашиот народ". — Архив на Србија, фонд ДСС, 5994.

во јануари 1939 година.[45]) Многу успешна акција на линијата на МАНАПО, што остави силен впечаток во јавноста, беше спроведениот бојкот на прославата по повод „25 години од ослободувањето на Јужна Србија", така што македонскиот народ остана надвор од оваа прослава.[46]) Истакнувајќи ја македонската посебност низ акциите и јавните истапи, младата македонска интелигенција пред сè студентската младина, отворено се искажуваше за решавање на македонската национална посебност во рамките на Југославија, сметајќи на поткрепа од другите народи на Југославија. Во таа смисла посебно внимание заслужува една Резолуција донесена на еден состанок од 1937 година, каде што студентите — Македонци, здружени со останатите студенти од Словенија, Црна Гора, Војводина, Босна и Херцеговина, истакнаа барање за „ликвидирање на великосрпската господска хегемонија" и за „уредување на државниот живот врз база на демократија, рамноправност и суверенитет на сите народи и покраини во Југославија", организиран на федеративен принцип.[47])

Бројните акции зборуваат за едно силно македонско народно движење што произлегуваше од незадоволството на македонскиот народ, поради неговото национално угнетување. Тоа како такво не остана незабележано од страна на факторите што будно го следеа секое движење во Македонија. Извештаите од овој период — воени, полициски и приватни се полни со констатации за нараснатата македонска национална свест,[48]) за појавата на

[45] АМ, ФФ, к. 54, Резолуција на Репрезентативното здружение на студентите од Филозофскиот факултет од Скопје, донесена на одржаниот собир од 29 мај 1940 година; Весник, Наша Реч, Скопје, 8 април 1939, бр. 4; Дејан Алексиќ, „Наша Реч" (1939—1941), Скопје, 1960, стр. 280.

[46] Марика Попова, Изјава во ракопис, се наоѓа во АИНИМ; Наведениот материјал во ракопис, во АИНИМ.

[47] АЈ, МС, фотокопија во АИНИМ, Резолуција.

[48] Изестувачите од овој период, констатирајќи во своите извештаи дека во Македонија за 20 години „во национален поглед" не е ништо сторено, како потврда за тоа наведуваа што „населението не се труди да зборува на државен јазик (н. з.- овде се мисли на српскиот јазик), макар што го знаат, туку на сите страни се слуша само локален дијалект. Школската младина зборува правилно само во времето на часовите, а штом ќе излезат од училница, зборуваат на домашен дијалект. Има случаи извесни младинци во основното училиште и гимназијата веќе да навикнат на државниот јазик, но кога ќе отидат на Универзитет, таму да се преобразат и да се вратат во првобитната положба". — АВИИ, Попис. 17, к-26, 6/2. За виновници за ваквата состојба во Македонија (што не е извршена асимилација на македонскиот народ, туку е постигнато спротивното, се развила уште повќе македонската национална свет), известувачите ја сметале интелигенцијата, особено студентите: „Малку е чудно студентите да можат да бидат пречка за развивање на „националната свест" на народот во овие краишта (н. з. — што македонскиот народ не се чувствуваше како србски), но, за сожалување, тоа е вистина". — АЈ, МС, фотокопија во АИНИМ, Извештај од Главниот генералштаб до Министерот на војската и морнарицата, од декември 1938. Слична констатација наоѓаме и во друг извештај: „На ширењето и зацврстувањето на македонската национална свест овде (н. з. — во Преспанската околија) најактивно работи студентската младина, меѓу кои, за сожалување, прв збор водат некои државни службеници, родум од овие краишта". АВИИ, фонд III Армиска област, нерегистриран материјал, Извештај на штабот на III Армиска област до господинот Министерот на војската и морнарицата, од октомври 1940 година.

македонското движење, за неговите барања за самостојна македонска партија, за посебна македонска бановина,[49]) но истовремено се дигаше глас за изгубеното „национално дело“ во „Јужна Србија“ и се предлагаа редица мерки за подобрување на политичките прилики во Македонија во корист на великосрпската кауза во Македонија, при што се акцентираше македонската интелигенција, за која се бараше безусловно отстранување од Македонија.[50]) Акцијата за формирање на културна лига, што ја поведоа „националните работници“ во Скопје во 1937 година, имаше исклучиво за цел да го сопре нараснатото македонско движење. Таа акција иницијаторите ја сметаа судбоносна за приликите во „Јужна Србија“ . . .“ „со оглед на големите превирања сред универзитетската младина од разните факултети што живеат во Скопје“ како што

---

[49] Банската управа во Скопје, којашто, по препорака на Министерот на внатрешните работи, на 10 септември 1938 година во Скопје одржа конференција со околиските началници во врска со приликите во Вардарска бановина, еве што напиша во својот извештај за македонското движење: „Според нивните реферати, а врз основа на тенденциите се констатира дека на територијата на Вардарската бановина постои и федералистичко и македонско-фронташко движење (н. з. — во Македонија постоеше едно единствено движење — МАНАПО кое истовремено беше и македонско-фронташко и федералистичко, бидејќи платформата на МАНАПО Македонија је третираше како федерална единица во рамките на Југославија). И едното и другото движење се чувствува само по поголемите градови како во Скопје, Битола, Охрид, Куманово, Велес, Прилеп, Ресен и Струмица, додека селата и помалите градови се наполно лојални (н. з. — тоа е природно бидејќи таму немало партиска организација, а и МАНАПО не успеал да се поврзе со селото)". — АЈ, МС, фотокопија во АИНИМ, Извештај од Банската управа во Скопје до господин Претседателот, од 12 септември 1938 година; Сличен извештај под наслов „Политичките прилики во Јужна Србија" подготвил Главниот генералштаб - известувачкото одделение, во кој е речено: „Што се однесува до населението на левиот брег на Вардар во последно време меѓу нив се чувствува жива пропаганда за создавање бановина „Македонска" и една единствена „Македонска" селска или „Вардарска" селска странка во Јужна Србија (н. з. — Македонија) околу која сите би се обединиле. На ова најмногу работат интелектуалците — домородци и други екстремни елементи. Би требало веднаш да се преземат мерки ова движење уште во почетокот да се сопре и оневозможи ширењето меѓу народот, бидејќи ни едното ни другото не се во согласност со државните интереси". — АВИИ, фонд Главни генералштаб, нерегистриран материјал, без дата.

[50] Режимот во Македонија, кој бил прилично вознемирен поради разраснатата национална свест и македонското народно движење, дигна прилично голема врева за игзубеното „национално дело" во Македонија, што се гледа и од еден извештај: „Нашето национално дело во околијата Преспанска се наоѓа во многу жална состојба. Наместо по 20 години од ослободувањето наваму да се чувствува значително подобрување, спротивно видно се чувствува влошување, кое за најкусо време никој веќе не ќе биде во состојба да го поправи". . . И понатаму". . . да с ваквата состојба само во оваа околија донекаде може и да се разбере, но колку нам ни е познато, нашето национално дело не стои подобро ниту во околиите: Битолска, Прилепска, Охридска, Велешка, Гевгелиска, Крушевска и др.". — АВИИ, фонд III Армиска област, нерегистриран материјал, Извештај на III Армиска област до Министерот на војската и морнарицата, од 14 октомври 1940 година. Напоредно со овие констатации, во извештаите се предлагаше преземање енергични мерки со цел „да се подобри состојбата", кои беа насочени против интелигенцијата во Македонија. Еве што се предлага во еден од извештаите во таа смисла: „Учителите, професорите, свештениците, судиите, поштенските службеници и службениците домородци да се оддалечат од Јужна Србија (н. з.

известува еден од нив.[51]) Акцијата за формирање на списанието „Луч", што ја водеше режимот со цел околу него да ги обедини претставниците на македонската буржоазија од сите бои – режимски, полурежимски и противрежимски – имаше исто така за цел да го сопре движењето, па дури ако тоа и не може, барем на некој начин да се парира акцијата на македонското народно движење, допуштајќи во Списанието текстови на македонски јазик.[52]) Не беше случајна

---

Македонија), а на нивно место да се донесат само одбрани Србијанци со цврста морална и национална свест, кои како такви можат успешно да работат на ширење и зацврстување националната свест. Ова се однесувало и за домородците — службеници во останатите државни и самоуправни установи и управи во кои се немало доверба. Но затоа од овие се издвојуваат домородците во кои режимот имаше доверба, па во врска со тоа понатаму се вели: „Од домородците би можело во Јужна Србија да се задржат само тие, кои од својата дотогашна работа се истакнале во национален поглед, а кон кои и понатаму се имало полна доверба и сигурност, како национално исправни" — АВВИ, фонд Главни генералштаб, нерегистриран материјал, Политичките прилики во Југославија; За истото види во АЈ, МС, фотокопија во АИНИМ, Извештај од Банската управа во Скопје, од 12 септември 1938; АВИИ, фонд Главни генералштаб, нерегистриран материјал, Главни генералштаб до Министерот на војската и морнарицата, од декември 1938; Исто, фонд III Армиска област, нерегистриран материјал, Извештај на III Армиска област до Министерот на војската и морнарицата од 14 декември 1940 година.

[51] Од писмото до Преседателот на Друштвото Свети Сава — Јован Хаџи Василевиќ, од 21 јануари 1937 година — Архив на Србија, фонд ДСС, 5569; За истото во сп., Јужни Преглед, Колевка србијанске нове књижевности — М. П., Скопје, март 1937 година, стр. 119.

[52] Корените на списанието „Луч" се наоѓаат во првите мерки на диктатурата по 1929 година, под форма на интегрално југословенство да го симне од дневен ред националното прашање во Југославија, кое нешто беше во тесна врска и со промената на името од Кралство на СХС со Кралство на Југославија. Во врска со тоа, по желба на тогашната влада, на II јануари 1931 година во Македонија е основана организација Југословенска младина на Вардарска бановина „ЈОВБ"; чија програма беше интегрална Југославија со еден југословенски народ. АЈ, МС, фотокопија во АИНИМ, Извештај на банот на Банската управа во Скопје, Марко Новаковиќ до господин Председателот, од 15 мај 1938 година; Наведениот материјал во ракопис, во АНИИМ. Тоа беше обид на диктатурата во Југославија да ја обедини македонската интелигенција од сите нијанси по своите политички разбирања за решавање на македонското национално прашање, како оние што беа под големосрпско влијание и пропагандата во Македонија — како Ксенофон Шаховиќ, така и оние кои беа под великобугарско влијание и пропагандата во Македонија — како Петре Здравев, Крум Органџиев и др. — Наведениот материјал во ракопис, во АИНИМ. Според податоците земени од овој материјал, диктатурата направи обид дури во „ЈОВБ" да ја вклучи и македонската интелигенција од ММТРО, судена 1927 година, па во врска со тоа беше издејствувано 1931 година да бидат пуштени од затвор, без да ја издржат казната до крај, за која цел се истакна девизата — Југославија од Јадранско до Црно море —. Исто. Меѓутоа, групација од ММТРО кога согледа дека масите не и приоѓаат на организацијата ЈОВБ, тие брзо ја напуштија. Исто.

Организацијата, односно друштвото „ЈОВБ" 1934 година го менува своето име во „Југословенски препород" со цел „на друштвото да му се даде пошироко значење и да се отстранат покраините. Исто. Од извештајот на банот Марко Новаковиќ. Тоа всушност значеше нов чекор кон зацврстување на унитаризмот и централизмот во земјата. Меѓутоа, како првото така и другото друштво не можеше да навлезе во масите, така што „Југословенски препород" 1936 година скоро престана да постои, макар што правно се уште постоеше во времето на поднесувањето на извештајот. Исто.

Во првата половина од 1937 година од редовите на младината во друштвото „Југословенски препород" и др. беше формирано месечно списание „Луч" за културни,

ни ориентацијата на режимот во последно време да доделува министерски положаи и на Македонци, од редовите на македонската буржоазија, како и да бидат бирани за пратеници. Напоредно со сите овие акции за „подобрување“ на приликите во Македонија, не изостануваа и полициските мерки. Пред изборите во 1938 година во Белград беа затворени 15 лица само затоа „што по своето убедување беа федералисти и што сакаа да истакнат сепаратна листа од македонски кандидати за народни пратеници, а тоа беше забрането“ — како што соопштува еден лист.[53]) По еден успешно одржан собир на Здружената опозиција — на Земјоделците во Велес, говорникот, кој како претставник на Партијата истапи од името на МАНАПО, беше протеран од Југославија.[54]) Против борците на работничката класа и членовите на КП полицијата беше уште понемилосрдна. Во текот на неколку години по 1935 се нижеа полициски удари против Партијата, се затвораа и се осудуваа најнапредните борци на македонскиот народ само затоа што се бореа за неговата национална и социјална слобода.

---

економски и ссоцијални прашања. Од извештајот на банот Новаковиќ, акцијата за формирање на „Луч“ потекнала од шефот на кабинетот на бившиот бан — Александар Цветковиќ. Исто. Луѓето што беа околу „Луч“ произлегуваа од различни влијанија. Еве што вели за тоа банот Новаковиќ во споменатиот извештај: „Меѓу таа младина, ги има, кои биле бугарски воспитаници, а во помал број српски воспитаници. Меѓу нив има добри националисти, добри југословени, а има левичари (н. з. — по формирањето на „Луч“ — некои комунисти, не знаејќи ги правите цели на „Луч“, учествуваа во него) и автономисти, како што е Спиро Китинчевиќ, индустријалец од Скопје (н. з.— режимот под терминот автономисти ги сметаше сите оние кои на некој начин бараа решавање на македонското национално прашање, без оглед на начинот на кој имаше тоа да се реши)“. И понатаму се вели: „Целото друштво нема одредена идеологија. Едни се за да го оживотворат наречјето од овој крај и да укажат на неговиот јазик, неговото културно и политичко минато и да го задржат географскиот поим Македонија. На другите им е цел преку списанието да дојдат до своја афирмација и до израз во политичкиот живот. Затоа овие другите ја истакнуваа паролата дека младината во Јужна Србија (н. з. — Македонија) е угнетена, дека не може да добие државна служба, народот дека треба да бира свои претставници во општините и Народната скупштина Исто. Тоа беше нов обид да се обедини македонската интелигенција и македонската буржоазија, сега веќе со цел движењето во Македонија да го ставаат под свое влијание во интерес на македонската чаршија. Еве што вели за тоа К. Миљовски: „Списанието подоцна се претвори во орган кој, макар и за кратко време ги соедини режимските, полурежимските и нережимските експоненти на македонската буржоазија (подбанот Цветковиќ, Др. Робе, Китинчев, Инг. Михајловиќ, Др. Арсов итн.), која сакаше да се спогоди со режимот на една многу скромна програма: за народни пратеници и претседатели на општините, покрај српските реакционери, да можат да се кандидираат и „домашни“ луѓе“. Според него тоа е „ прв посериозен обид за соединување на двете групи на македонската буржоазија, онаа што излезе од големобугарското влијание и пропаганда и онаа што произлезе од големосрпското влијание и пропаганда“. Тој исто така вели дека „Овој обид имаше за цел да и осигури раководно место на македонската буржоазија во движењето на незадоволните маси што растеше“ но, истовремено дека тоа „ја покажа и сета безидејност, заплашеност и несамостојност на македонската буржоазија чии политички хоризонти и национални амбиции достигнуваа и се исцрпуваа со барањето „домашни луѓе“ да влезат во „претставничките“ органи на тогашната држава“. К. М., н. д., стр. 144, 145.

[53] АЈ, МС, фотокопија во АИНИМ, в. Политички весник, 1938, бр. 5, Загреб.

[54] АВИИ, п. 7, 7/3, Месечен извештај од штабот на третата армиска област, 4 јули 1939, микрофилм во АМ (М 343).

Напорите на Партијата за создавање антифашистички Народен фронт беа проследени со напорите „за јакнење на пролетерското јадро во него“, за раководна улога на работничката класа на чело со КП. Затоа Партијата во Македонија, паралелно со мерките за создавање на национално револуционерно движење во рамките на Народниот фронт, интензивно работеше и на создавање на единствен пролетерски фронт, за акционо единство на пролетаријатот преку водење секојдневни акции (штрајкови, тарифни акции) за подобрување на условите за работа, скратување на работното време, зголемување на дневниците, за исплатување на неисплатените дневници и др., како и за создавање единство на синдикатите врз класна основа преку заеднички договори на разните синдикални подружници за водење заеднички акции. Плод на таквата ориентација на Партијата беа голем број одржани штрајкови. Меѓу позначајните штрајкови во 1936 година беа: штрајкот на градежните работници,[55]) во кој зедоа учество 800 работници, штрајкот на дрводелските и берберските работници во Велес,[56]) и штрајкот на шивачите во Струмица,[57]) во 1938 година штрајкуваа работниците во фабриката за зејтин во Велес,[58]) работниците на градилиштето Велес — Неготино,[59]) чевларските работници во Тетово[60]) и монополските работници во Велес и Прилеп.[61]) Во Прилеп тој прерасна во демонстрација во која зеде учество целиот народ, а во знак на протест поради затворањето на поголема група учесници во тој штрајк дојде дури до затворање на чаршијата. Во 1939 година во штрајк стапија работниците од рудникот Лојане,[62]) работниците на каменоломот кај Куманово[63]) и работниците во битолската мелница „Драгош“.[64]) Во јануари

---

[55] Мино Миновски, Успела акција грађевинских радника, Четрдесет година, књ. 3, стр. 306—308; Н. Видачић, Штрајк на градилишту хидроцентрале у Матки, Четрдесет година, књ. 3, стр. 303—305.

[56] Милан Сланев, Разноврсне форме синдикалне активности у Велесу, Четрдесет година, књ. 3, стр. 384.

[57] Др. Манол Пандевски — Ѓорѓи Стоев-Трнката, Струмица и Струмичко низ историјата, 1969, стр. 366—371.

[58] Милан Сланев, цитирана статија, стр. 384; Стево Вилар, Захтеви радника фабрике зејтина у Велесу, Четрдесет година, књ. 3, стр. 271—272. Во знак на солидарност со работниците во фабриката за зејтин во Велес, работниците типографи од Скопје стапија во двочасовен протестен штрајк, исто.

[59] Милан Сланев, цитирана статија, стр. 384.

[60] Трпко Стаматовски, Изјава во ракопис, во АИНИМ.

[61] АЈ, МС, ф-22, Писмо од 8 април 1938 година; Исто, Извештај од Банската управа во Скопје до Милан Стојадиновиќ, 4 мај 1938 година, фотокопија во АИНИМ; Страхил Киприновски, Штрајк на монополските работници во пролетта 1938, Изјава во ракопис, во АИНИМ; Милан Сланев, цитирана статија, стр. 384.

[62] АВИИ, к. 7, 2/3, Месечен извештај од Штабот на III армиска област, 4 мај 1939, микрофилм во АМ (М 343); Исто, к. 7, 4/3, Месечен извештај од штабот на III армиска област, 4 јуни 1939, микрофилм во АМ (М 343).

[63] Благоја Думановски, Штрајк радника у каменолому код Куманова, Четрдесет година, књ. 3, стр. 345—346.

[64] Веле Кондевски, Штрајк у битољском млину „Драгор“, Четрдесет година, књ. 3, стр. 328—329.

1939 година во Велес беа приредени тридневни демонстрации под парола „бараме леб, бараме работа", во текот на кои дојде и до судрување со полицијата.[65]) Акциите што ги водеше работничката класа за подобрување на економската положба кои имаа и политички карактер, ѝ овозможија нејзе да заземе раководно место во Народниот фронт, односно во национално-ослободителното движење во Македонија. Тоа особено дојде до израз во предизборните демонстрации во Велес по повод на скупштинските избори во декември 1938 година,[66]) во големите масовни демонстрации во Скопје и Куманово на денот на самите избори,[67]) како и во големите демонстрации пролетта 1939 година во Скопје по повод окупацијата на Чехословачка и Албанија.[68]) Сите овие акции, кои беа раководени од работничката класа на чело со Партијата, беа израз на сеопштата борба на целиот македонски народ.

Меѓутоа, во, периодот од 1935—1939 година нејзината улога сепак заостанува зад националноослободителното движење, кое беше постојано во подем. Причините за тоа беа веќе во спомнатите удари, од полицијата, така што Партијата во Македонија во 1937 година остана без Покраинско раководство, партиските организации беа десеткувани, па заради тоа немаа редовен организационен живот. Врските на партиските активисти со ЦК КПЈ беа поединечни и слаби, така што директивите беа бавно пренесувани. Заради тоа Партијата и работничката класа не ги искористија сите објективни можности што произлегуваа од незадоволството на широките селски и работнички слоеви, поради ниските откупни цени на тутунот, од шпекулациите при предавањето на афионот, кое во Кавадарци во 1938 година доведе дури и до спонтани демонстрации и судири со полицијата.[69]) Ова недоволно настојување да се поврзе борбата на работничката класа со национално ослободителното движење, дојде до израз и во однос на МАНАПО спрема кое некои партиски организации се однесуваа со недоверба.

Поврзувањето на борбата на работничката класа со национално угнетените маси од градот и селото во Македонија постигна врвна точка во периодот 1939—1941 година, кога борбата на работничката класа во Македонија стана составен дел на борбата

---

[65] Страхил Гигов, Поход гладних, Четрдесет година, књ. 3, стр. 273—275; АВИИ, к. 31, 12/I и к. 31, 60/I, Извештај од III армиска област, фотокопија во АИНИМ; Вера Весковиќ — Вангели, Жената во народноослободителната борба на Македонија во 1941, Гласник на Институтот за национална историја, Скопје, 1967, бр. 3, стр. 135.

[66] Милан Сланев, Предизборне демонстрације у Велесу 1938, Четрдесет година, књ. 3, стр. 477.

[67] Дејан Алексиќ, „Наша Реч" 1939—1941, Скопје, 1960, стр. 36; Благоја Думановски, Кумановске демонстрације 1938 године, Четрдесет година, књ. 3, стр. 478.

[68] АЈ, МС, Извештај од Банската управа во Скопје, 24 септември 1938, фотокопија во АНИИМ; Дејан Алексиќ, Акције у Скопљу за помоќ Чехословачкој, Четрдесет година, књ. 3, стр. 452; Исто, н. д., стр. 227.

[69] АЈ, МС, ф-32.

на целиот македонски народ за неговата национална слобода. Во овој период беа преземени чекори и за обновување на Партијата во Македонија. Есента 1939 и пролетта 1940 година беа формирани Покраинскиот комитет на Партијата и Покраински комитет на СКОЈ, а во поголем број градови во Македонија беа обновени и формирани нови партиски и скоевски организации, на број 16.[70]) Пред нив како основна задача се постави — навлегување во управата на Урсовите синдикати, во која раководството го имаа социјалдемократите, обновување работата на синдикалните подружници, покренување на работничката класа во борба за подобрување на нејзината економска положба, застанување на чело на борбата на македонскиот народ за негово национално ослободување, поврзување на оваа борба со борбата на другите народи на Југославија, на паролите против скапотијата, против вовлекувањето во империјалистичката војна, за мир, леб и слобода, за сојуз со СССР, за одбрана на независноста на земјата.

Објективните услови во Македонија во 1939—1941 година овозможуваа да се реализира оваа крупна задача. Поради сè поголемата скапотија, покачувањето на цените на прехранбените продукти како последица на војната во светот, ниските надници на работниците, работничката класа и народот во последните години пред војната се најдоа во уште потешка положба. Од друга страна нараснатата национална свест кај македонскиот народ, која беше сè поочигледна, како и разните пројави на манифестации на посебноста на македонскиот народ, ја тераа великосрпската буржоазија да презема нови чекори за засилување на великосрпската политика во Македонија, до толку повеќе што Скопје, според плановите на српските граѓански политичари, требаше да стане центар на една нова бановина, таканаречена „Српска бановина“, која требаше да ги соедини сите „српски земји“ во Југославија, вклучувајќи ја и Македонија, како и поради сè поголемите реваншистички тенденции од страна на великобугарските кругови и фашистички организации во Бугарија.[71]) За таа цел беше ангажиран целиот државен, полициски и пропаганден апарат, вклучувајќи ги и сите просветни, културни и научни установи. Во овој период не беше случајно објавена и статијата на српскиот научник Никола Вулиќ, во белградскиот весник „Правда“, со која ја негираше македонската индивидуалност, како и неговиот Апел објавен во истиот весник, со кој ги повика сите српски културни друштва да му обрнат внимание на Југот.[72]) Во засилувањето на великосрпската политика во Македонија, режимот многу сметаше на Српскиот културен клуб, кој во Скопје беше формиран во летото

---

[70] Архив на ЦК КПЈ (натаму А ЦК КПЈ), Записник од V-та Земска конференција на КПЈ, бр. 7, препис во АИНИМ.

[71] С. Фиданова, наведена статија, стр. 72—74.

[72] АВИИ, к. 26а, II/3, микрофилм во АМ; Види в. „Наша Реч“, бр. 14, 29-III-1940; АВИИ, к 26а, 11/3, микрофилм во АМ.

1940 година.[73]) Тој својата активност пред сè ја насочи меѓу средношколската младина, каде што веќе и пред тоа дејствуваше великосрпската фашистичка организација „Збор". Сето ова беше проследено со полициски терор и затвори против сите оние што на некој начин ја манифестираа македонската национална индивидуалност.

Поради ваквата положба работничката класа и целиот македонски народ под раководството на Партијата стана во одбрана на своите економски и политички права. За неполна година штрајкачкото движење во Македонија доживеа свој најголем подем. Бранот на штрајковите на работниците ја зафати цела Македонија — градовите Скопје, Велес, Прилеп, Крушево, Струмица, Кавадарци, Кичево, Мавровски Анови, Струшко, од кои во Скопје беа изведени 17 штрајкови и тарифни акции.[74]) Решавачките акции на работничката класа за подобрување на својата положба, жилавоста што ја покажаа во текот на акциите во судирот со полицијата и работодателите, придонесуваа за јакнење и натамошно решавање на класната свест кај работниците, со самото тоа и за отстранување на реформистичките и социјалдемократските водачи од управата на Урсовите синдикати и нејзиното преземање во рацете на класно свесни работници. Во Прилеп дефинитивно им беше зададен удар на социјалдемократите, кои, застапувајќи го становиштето дека е во интерес на работничката класа првин да се води борба за социјална слобода, па потем за национална, ја негираа водечката улога на работничката класа во националноослободителното движење на македонскиот народ и беа против поврзувањето на борбата на работничката класа со борбата на национално угнетените маси.[75]) Едногодишното искуство на решавачките акции низ кои помина работничката класа на Македонија не само што го отфрли ова становиште, туку потврди дека борбата на работничката класа за нејзината економска положба претставува дел на борбата на целиот македонски народ за политичка и национална слобода, бидејќи работникот не може да биде слободен ако неговиот народ, на кој му припаѓа, не е национално слободен.

Во текот на овие акции работничката класа успеа да се издигне во прилично силен фактор, а со самото тоа да стане хегемон во националноослободителното движење. Под раководството на работничката класа и нејзината авангарда — Партијата, народот во Македонија во 1940 година стапи во отворен судир со великосрпскиот хегемонистички режим, манифестирајќи ја својата македонска посебност, истапувајќи против националното угнетување, скапотијата, војната, за сојуз со СССР и одбрана на независ-

---

[73] Весник „Наша Реч", бр. 13, 27-II-1940 година, бр. 14, 29-III-1940.

[74] Дејан Алексиќ, н. д., стр. 165—202.

[75] Вера Ацева, Прилепска партиска организација у периоду припрема и отпочињања оружане борбе, Устанак народа Југославије 1941, књ. I, 1962, стр. 407.; Фактографски материјал за прилепската партиска организација, стр. 16.

носта на земјата. Во Велес, во јануари 1940 година, по повод прославата на 100-годишнината од подигањето на македонската црква, која режимот сакаше да ја искористи за великосрпски цели, од страна на Народниот фронт беше издаден проглас до народот со кој се повикуваше да ја бојкотира прославата, што беше успешно сторена.[76]) На 2 август 1940 година, денот на востанието на македонскиот народ против турската империја, дојде до масовни демонстрации во Прилеп и Охрид, додека во Битола, Велес и Скопје беа одржани масовни собири во форма на излети.[77])

Масовното национално революционерно движење на македонскиот народ ги опфати и другите народности во Македонија врз основа на платформата на КПЈ по националното прашање, истакнувајќи го барањето за остварување на нивните национални права. Учеството на национално угнетените маси од другите народности во движењето на македонскиот народ особено дојде до израз на споменатиот масовен собир во Скопје, на кој беше забележано многубројно присуство на Турци и Албанци.[78])

КПМ, која израсна како единствена општествено-политичка сила во Македонија, што ги застапуваше интересите на македонскиот народ, сè повеќе стекнуваше углед во широките народни маси, особено во редовите на младината, бидејќи ја изразуваше нивната желба за свој јазик, за свои училишта и др. Во неа, народот и младината во Македонија, гледаа толкувач на нивните интереси, па заради тоа и симпатиите за неа беа големи. Низ многубројните акции што народот, под раководство на комунистите, ги водеше од ден на ден, Партијата го градеше Народниот фронт оздола. Таа тоа го постигна и преку многу легални друштва што ги создаваше за таа цел.

Во времето кога национално-революционерното движење на македонскиот народ под раководство на работничката класа и Партијата станува сè помасовно, кога се градеше и се создаваше оздола низ акции, борби и судири со полицијата, името МАНАПО како термин за националноослободителното движење во Македонија сè помалу се сретнува. Македонските националисти, пробугарски настроени, чие присуство во македонското национално движење дотогаш на некој начин се чувствуваше, особено во времето на декемвриските избори, останаа изолирани, надвор од национално-революционерното движење, што се разви во времето од 1939—1941 година. Впрочем тие самите се изолираа, поради својот дефетистички став во времето на крупните збиднувања за наро-

[76] С. Фиданова, наведена статија, стр. 75—78.

[77] Весник „Билтен", орган на Покраинскиот комитет на комунистичката партија на Југославија за Македонија, август 1940, бр. 2; Славко Георгиевски, Илинденски излет и демонстрације у Прилепу 1940 год., Четрдесет година, књ. 3, стр. 452—454; Перо Ивановски, стенографски белешки за активноста на партиската организација во Маке донија, во А ЦК КПЈ; Вера Ацева, наведена статија, стр. 406; ШДејан Алексиќ, н. д. стр. 37.

[78] АВИИ, к. 26а, 14/3, Извештај на командата на жандармеријата во Скопје до Вардарскиот жандармериски пук, II август 1940, микрофил во АМ.

дот во Македонија и народите во Југославија, кој став завршуваше со сепаратизам. Ова нешто произлегуваше од нивниот идејно-политички став, кој беше истоветен со ставот на проосовински расположената југословенска буржоазија, која од новата војна очекуваше прекројување на картата на Европа. На македонските националисти не им беше сеедно што останаа надвор од национално револуционерното движење на македонскиот народ. Затоа, тие по секоја цена настојуваа на некој начин преку присуство во движењето, кое им беше потребно од надворешно политички причини, во даден момент за кој сметаа дека е близу, пред великобугарската буржоазија да се прикажат како водачи на тоа движење, што во условите на бугарската окупација на Македонија и го сториja. Групата македонски националисти, пробугарски настроена, особено беше возбудена по збиднувањата во 1940 година во Македонија, посебно по Илинденските демонстрации, кога се покажа дека тие ги имаат изгубено сите перспективи за некакво влијание сред македонскиот народ. Затоа тие и многу обмислено ги искористија збиднувањата околу Илинден во Македонија. За да се прикажат како водачи на македонското народно движење и како организатори на Илинденските демонстрации, тие, по повод демонстрациите, издадоа свој проглас со потпис на МАНАПО, иако тоа име веќе не беше во употреба, со што се обидоа на демонстрациите да им дадат бугарофилска боја.[79]) Тоа нешто го стори и великосрпската буржоазија, квалификувајќи ги настаните во Прилеп, на еден свој состанок во Скопје, како бугарофилски.[80]) Достоен одговор и на едните и на другите им беше даден во еден од броевите на весникот „Билтен“, што го издаваше Покраинскиот комитет на КПЈ за Македонија: „Прилепчани и цела Македонија го знаат многу арно карактерот на прилепската демонстрација. Таа неколку илјадна демонстрација имаше за цел мир, леб, слобода и вистински, не лицемерни трговски, дипломатски врски и сојуз со великата држава на Советите. Прилепчани како и цела Македонија се борат за свое сопствено, а не туѓо дело — србоманско или бугароманско. Мина времето кога Македонците беа орудија на туѓа држава, на туѓи интереси“.[81])

Првата партиска конференција во Македонија и V-та Земска конференција на КПЈ, од 1940 година, ја истакна уште еднаш потребата за соединување на сите национални сили во Македонија во национално-револуционерниот фронт, и укажа на тоа дека Партијата во иднина ќе треба да води борба за рамноправност и самоопределување на македонскиот народ против угнетувањето од страна на великосрпската буржоазија, но истовремено дека ќе треба и упорно да ги раскринкува и италијанските и бугарските

---

[79] АМ, фонд БО, к-22.

[80] Весник „Билтен“, орган на ПК КПЈ за Македонија, бр. 2, август 1940.

[81] Исто.

империјалисти и нивните агенти, кои со демагошки ветувања сакаа да го поробат македонскиот народ.[82])

Национално-револуционерниот фронт кој се градеше во Македонија оздола, преку поврзување на работничката класа со национално угнетените маси од градот и селото, преку сојуз помеѓу работниците и селаните, својот врв го постигна на 27 март 1941 година, на големите демонстрации во Скопје против потпишувањето на Пактот со Германија, на кој имаше преку 20.000 учесници.[83])

Славка ФИДАНОВА


## РЕЗЮМЕ

КПЮ-и, которая в течение многих лет вела борьбу против идейных отклонений в своих рядах в найболее существенных вопросах политичекой жизни в стране, все же удалось занять правильную позицию по национальному вопросу в 1924 и 1926 гг., тем что она признала право на самоопределение всех югославянских народов, включая и македонский народ, вплоть од отделения. С этого момента партия во всех своих партийных программах и резолюциях постоянно подчеркивала необходимость сочетания борьбы рабочего класса о национально-освободительными движениями. Опыт, извлеченный из се борьбы против монархофашисткой диктаруры нам показал, что им вопросом все еще пренебрегали вообще и в частности в отношении Македонии.

Перелом в этом направлении сделала IV-тая конференция КП , которая, понявши этот пробел, еще раз выдвинула значение единства борьоы рабочего класса и борьбы национально-угнетенных масс. Сплитский пленум, приняв решение о формировании антифашистского Народного фронта против монархофашистского режима в Югославии еще сильнее подчеркнул важность решения этого вопроса. В связи с этим Пленум решил дать национально-революционным организациям более левое направление и таким образом обеспечить руководящую роль рабочего класса и КП. Но, имея во виду факт, что везде не было реальных условий для создания национально-революционных организаций, Пленум принял решение этот процесс сочетания борьбы рабочего класса с борьбой национальных движений, проводить и через разные легальные общественные организации.

В Македонии связывание борьбы рабочего класса с борьбой национально угнетенных народных масс города и деревни в периоде


[82] „Пролетер", орган ЦК КПЈ, 1929—1942, Београд, 1968, стр. 770—771, V-та Земаљска конференција КПЈ.

[83] Деса Миљовска, Демонстрације у Скопљу, Четрдесет година, Београд, 1961, књ. 5, стр. 39.

1935—1941 гг. осуществлялось в рамках деятельности Народного фронта посредством этих легальных общественных организаций. С возникновением Македонского народного движения МАНАПО в 1936 году это связывание проводилось в его рамках.

Несмотря на извесные достигнутые успехи в этом отношении рабочий класс и Партия в период 1935—1939 гг. не могли сыграть решающей руководящей роли и отставали от постоянно нараставшего македонского национального движения. Основной причиной этого было в отсуствии регулярной организационной жизни Партии, изза полицейских налетов и терора, проводившихся в течение нескольких лет. С обновлением партийной организации в Македонии с середины 1939 года руководящая роль рабочего класса и се авангарда, КП в национально-революционном движении македонского народа получила свое полное выражение.